**Македонски Телеком АД - Скопје**

Согласно Законот за трговски друштва, Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото) и Предлогот на Одборот на директори за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2011 година (арх. бр. 84121/1 од 08.03.2012година), Собранието на Друштвото, на својата годишна седница одржана на ден 04.04.2012 година ја донесе следната:

# Предлог Одлука

## за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2011 година

### Член 1

Собранието на Друштвото ја распоредува нето добивката, остварена по Финансиските извештаи на Друштвото за 2011 година подготвени во согласност со општо прифатените сметководствени принципи во Република Македонија, во износ од 6.163.556.917,00 денари (шест милијарди, сто шеесет и три милиони, петстотини педесет и шест илјади, деветстотини и седумнаесет денари), за исплата на бруто дивиденда во која е вклучен данок на добивка, персонален данок на доход и данок по задршка, каде што е применливо.

### Член 2

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**